Врз основа на член 49 став 4 од Законот за заштита на растенијата (“Службен весник на Република Македонија”, бр. 25/98 и 6/2000) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

## 2.6. ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ДЕКЛАРИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на декларирање на средствата за заштита на растенијата.

### Член 2

На оригиналното пакување на средството што се пушта во промет треба да стои декларација со следните податоци:

1. назив на средството и облик на формулација;
2. генерички и хемиски назив на активните материи и нивна содржина, а за биолошките средства - народен и стручен назив на латински јазик;
3. намена;
4. класификација и обележување во поглед на распоредувањето во група на отрови, знаци за опасност, предупредување и известување, и отровноста во однос на лугето, пчелите, водените организми и топлокрвните организми;
5. датум на производство, рок на употреба, нето маса или зафатнина на пакувањето и број на шаржа;
6. број и датум на решението и назив на надлежниот орган кој ја издал дозволата за пуштање во промет;
7. видливо предупредување “Пред употребата на средството задолжително да се прочита упатството за примена”;
8. можност или забрана за примена на средството од воздухоплов;
9. начин и услови на складирање на средството;
10. назив и адреса на производителот, на странскиот производител и на неговиот застапник и кооперант.

### Член 3

Секое пакување на средството треба да има упатство за негова употреба, кое ги содржи следните податоци:

1. назив на средството и облик на формулација;
2. видови причинители на растителни болести, штетници или плевели против кои средството може да се примени;
3. дози или концентрации во кои средството може да се примени, примена на 100 $м^2$, односно во 10 литри вода, како и максималниот број на третирања на иста површина во текот на една година односно во текот на еден вегетационен период доколку има ограничувања;
4. начин на применување на средството со означување на видот на опремата и уредите за примена. Доколку средството се применува од воздухоплов, се наведуваат временските услови за неговата примена;
5. симптоми на труење, делување врз човекот, давање прва помош, противотрови (антидот) и лекување;
6. делување на средството врз растенијата, а посебно евентуалното негативно делување на средството врз одгледуваните растенија (фитотоксичност, ограничување на плодоредот) и човековата околина, предупредувања во врска со спречувањето на контаминацијата на

водите, предупредување да се избегнува занесувањето (дрифт) на средството и зони на сигурност;

7. мерки на претпазливост при ракувањето и примената на средството;
8. каренца и работна каренца;
9. максимално дозволена количина на остатоци од средството (МДК) за поедини растителни видови и производи;
10. компатибилност;
11. начин на уништување на непотрошените количини на средството и амбалажата.

**Член 4**

Декларацијата и упатството можат да бидат отпечатени на амбалажата или упатството за употреба треба да биде приложено кон пакувањето.

**Член 5**

Средствата за заштита на растенијата кои се пуштени во промет пред влегувањето во сила на овој правилник, може да бидат декларирани по Правилникот за начинот на издавање дозволи за пуштање во внатрешен промет на средства за заштита на растенијата (“Службен лист на СФРЈ”, бр. 32/91) и декларацијата важи до истекот на рокот на важењето на дозволата.

**Член 6**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на издавање дозволи за пуштање во внатрешен промет на средства за заштита на растенијата (“Службен лист на СФРЈ”, бр. 32/91).

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.